**20180210288**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.

Бр. 08-755/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15 и 30/16), во членот 51 став (1) точка д) во алинејата 5 на крајот на реченицата се додава сврзникот „или“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“.

Точката ѓ) се брише.

Член 2

Одредбите од членот 51 став (1) точка д) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15 и 30/16), и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 51 став (1) точка д) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Членот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На членот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 4

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.